| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки) | Прави разлика меѓу соло и хорска изведба со детски, женски и машки гласови.<br><br> | Март | **Воведни активности:**<br>Што е соло пеење? – бура на идеи. Се запишуваат исказите на учениците. Што е хорско пеење? – бура на идеи. Се запишуват исказите. Потоа (преку техниката мрежа на зборови или грозд техника) вршат поделбата на гласовите на детски, машки и женски. На табла се запишуваат видовите гласови. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Наставникот демонстрира примери за слушање музика со различни хорски изведби, а учениците се обидуваат да ги препознаат изведувачите според видот на гласовите и застапеноста на солист. https://www.youtube.com/watch?v=t5FmrGVHNMw – ***Песна за мама*** – детски хор ***Гласови на децата од Скопје.*** (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ликовно ја изразуваат содржината на слушаната музика. (10 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што е соло пеење? Што е хорско пеење? Како се делат гласовите? (5 мин.) | • уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна табла)<br>• табла<br>• маркери<br>• хартија<br>• прибор за пишување<br>• прибор за боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група.<br> |

Снежана Трениева

resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Детски ритмички и мелодиски инструменти** (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас; металофон, мелодика, блок флејта/шупелка) | • Ги препознава детските ритмички и мелодиски инструменти по бојата на звукот.<br> | Март | **Воведни активности:**<br>Пред учениците се ставени детски ритмички и мелодиски инструменти. Учениците ги истражуваат инструментите во однос на изглед, како се изработени, каква е бојата на звукот. Потоа преку игра "Волшебна торбичка" секој ученик извлекува слика од инструмент и истиот преба да го опише. Се најавува целта на часот. (10 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците изработуваат „ритмички инструменти“ (тапан, дајре, прапорци, ѕвона и сл.) од предмети/материјали кои претходно биле користени за друга намена (картон, шишиња, кутии, ластичиња, дрвени лажици,...).<br>(20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците пеат песни кои претходно ги имаат обработувано и ги придружуваат со изработените инструментите. (5 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивме? Како се чувствувавте додека ги изработувавте детските ритмички инструменти од природни материјали? За што може да ги користиме? Како можеме да ги примениме во секојдневниот живот? (5 мин.) | - Детски музички инструменти<br>- Торбичка<br>- Слики<br>- Природни материјали (картон, шишиња, кутии, ластичиња, дрвени лажици,...)<br>- Лепак, ножици<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи<br> | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Музичко изразување и творење** (слободно музичко изразување, творење/ создавање) | • Поврзува мелодија и ритам со движења. | Март | **Воведни активности:**<br>За мене пролетта е! Секој ученик со еден збор кажува што претствува пролетта за него. Исказите се запишуваат на табла, а потоа се составуваат кратки реченици. Се запознаваат со целите. (8 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците се запознаваат со содржината на песната. „Дувна ветре“. Најпрво го обработува текстот, со ритмичко изговарање на зборовите, а потоа наставникот презентира видеоснимки/аудиоснимки од музичката игри, а учениците ја поврзуваат мелодијата и ритамот со движења.<br>- https://www.youtube.com/watch?v=p3ne4EefHXE – ***Дувна ветре*** – *Златно славејче* (музичко-ритмички движења со потскокнување). (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Секој ученик црта слика поврзана со содржината на песната. Од готовите слики се изработува постер на тема „Пролет“. (7 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Музиката е: брза, бавна, умерена ... Какви беа движењата што ги изведувавме по музиката? Како се чувствувавме? (5 мин.) | - Табла<br>- Маркери<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>- прибор за цртање<br>- хартија<br>- хамер | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |





Дневни сценарија по музичко образование Март

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Детски ритмички и мелодиски инструменти** (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас; металофон, мелодика, блок флејта/ шупелка) | • Правилно применува музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење) при свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти.<br><br> | Март | **Воведни активности:**<br>Учениците се запознаваат со мелодиските инструменти (металофон, мелодика, блок флејта/шупелка). Инструментите се претставени пред учениците и тие ги истражуваат. Какви се по изглед, од кои материјали се изработени, како звук произведуваат. Се запознаваат со целта (8 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Наставникот демонстрира свирење на мелодиски инструменти (металофон, мелодика, блок флејта/шупелка) по слух преку покажување на позицијата на прстите и основната техника на свирење.<br>(Пример: Тонот кај блок флејтата се добива со дување во цевката на флејтата низ отворот за устата. Со отварање и затварање на отворите се добиваат тонови различни по висина. Во тоа главна улога имаат прстите од двете раце. Левата рака ги затвара горните отвори, а десната ги затвара долните отвори. Правилното редење на прстите се вика прсторед. Учениците учат како се редат прстите на блок флејтата.) Учениците се трудат да свират на инструментите.<br>(20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците пополнуваат работен лист: „Откриј ги музичките инструменти“. Секој ученик ги поврзува броевите и открива кој инструмент е, а потоа го опишува пред соучениците. (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивме? Како се чувствувавте додека свиревте на мелодоските инструменти? За што може да ги користиме? Како можеме да ги примениме во секојдневниот живот? (5 мин.) | - Мелодоски инструменти<br>- наставен лист<br><br> | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група.<br> |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk